Република Северна Македонија
ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
INSTITUTI PËR STANDARDIZIM I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

бр. 02 - 596/1
14 . 07 . 2021 год.

Врз основа на Заклучок од 50 седница на Влада на Република Северна Македонија точка 83, оддржана на 02 март 2021 год., а во врска со Информација за превземање на мерки за борба против корупцијата каде што беа задолжени сите институции во рок од 30 дена да донесат Годишен план за спречување на корупција соодветен на нивната надлежност, а врз основа на чл. 6 и чл.15-г, ст.1, ал.14 од Закон за стандардизација на Република Македонија (Сл. весник на Р.М. бр. 54/2002, 84/2012, 23/2013, 41/2014, 53/2016, 83/2018) Директорот на Институтот за стандрадизација го донесе следниот

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Корупцијата претставува негативна појава во општеството, феномен кој се среќавал во минатото, но и денес и затоа од особено значење се мерките кои се преземаат со цел негово натамошно спречување, земајќи ја предвид основата на оваа појава, а тоа е личниот интерес и токму оттаму и суштината на овој концепт, а тоа се судирите на интереси. Корупцијата се појавува во сите слоеви и области на општественото живеење, не познава граници и подеднакво ги напаѓа сите па согласно тоа ниту една држава, без оглед на тоа колку е развиена или демократска, не е имуна на корупција. Корупцијата претставува забрането однесување кое ја загрозува демократијата, владеењето на правото и остварувањето на човековите права, па затоа е потребно колку е можно повеќе индивидуите и институциите да работат на нејзино спречување. За да се намалат негативните последици кои настануваат од корупцијата, а тоа се пред се предизвикување економска нестабилност, нарушување на социјалните вредности, појава на нелојална конкуренција, нарушување на угледот на институциите и другите правни лица и организации, создавање недоверба на јавноста и затоа потребно е во државата да се воспостави цврста политика за борба против корупцијата, заради заштита на граѓаните и државата, а особено заради воспоставување и почитување на владеењето на правото. Тргнувајќи од тој факт Институтот за стандрадизација на Р.С.Македонија ќе се фокусира на навремено препознавање на корупцијата во рамките на својата институција и изнаоѓање мерки и санкционирање на сторители на корупција како и досега постапувајќи во согласност со соодветните национални и меѓународни законски прописи, етичките и морални вредности и принципи на највисоко ниво, но пред се и почитување на европските и меѓународни стандарди.

Со цел да можеме успешно да се справиме со корупцијата потребно е целата институција заедно со раководниот кадар максимално да се вклучат во интензивна борба против корупцијата, настојувајќи да се развиваат и функционираат механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција. Со тоа институцијата ќе покаже висок степен на интегритет, активно спротивставување на корупцијата и нула толеранција за истата.

Институтот за стандардизација на РСМ со овој антикорупциски план има за цел да имплементира мерки со кои ќе може да ги детектира причините кои можат да влијаат на развојот на корупцијата.


Институт за стандардизација на Република Северна Македонија
Instituti për standardizim i Republikës së Maqedonisë së Veriut
ул. „Јуриј Гагарин" бр. 15, 1000 Скопје Република Северна Македонија
"Jurij Gagarin" nr. 15, 1000 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3247 150
+389 2 3247 157
+389 2 3247 159
www.isrsm.gov.mk
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS
Сертифициран по ISO 9001:2015

Главен акцент во антикорупцискиот план е ставен на вработените и раководството. Преку јакнење на нивниот професионален и личен интегритет од нив се очекува да ги извршуваат професионално задачите, согласно законите, прописите и интерните процеси и со тоа смело да се спротивстават на корупцијата. Од вработените и раководството на Институтот се очекува да го почитуваат и етичкиот кодекс на однесување, да покажат високо ниво на свесност кога ќе препознаат одреден вид на корупција на која е потребно да се спротивстават.

Корупцијата во Институтот за стандардизација би ја препознале кога:

- Вработените или раководството при извршување на своите службени задачи и овластувања, за што како возврат бараат за себе или за друг некаква корист, погодност, имаат интерес за себе или за друг или на друг ќе му нанесат штета,
- некој од вработените или раководството работи спротивно од стандардните постапки и интерни процедури и
- некој од вработените или раководството свесно ја злоупотребува својата службена положба и овластувања за директно или индиректно понудена, дадена, ветена, побарана, прифатена или очекувана корист, материјална или нематеријална или друга придобивка за себе или некој друг.

Во 2021 год. борбата против корупцијата Институтот ќе ја реализира преку превентивен и репресивен пристап со јасна порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана. Во рамките на превенцијата ќе се фокусира на намалување на можностите и создавање неповолни услови за извршување коруптивни дела. За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни политичката волја, нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционализмот и личниот капацитет и интегритет, како и соработката меѓу институциите во државата и на меѓународен план.

Со Годишниот план се утврдени областите каде најчесто постои ризик за појава на корупција и тоа:

- Постапките за вработување, избори и именувања;
- Постапките за јавни набавки.

Правни прописи од областа на корупцијата

Постојат повеќе правни прописи кои се однесуваат на корупцијата. Меѓу позначајните се:

- Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси
- Кривичниот законик
- Закон за заштита на укажувачи и
- Законот за лобирање

Во заложбите на меѓународната заедница во борбата против корупцијата се донесени Конвенцијата на Обединетите нации против корупција и Цивилната конвенција за спречување корупција. Република Северна Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и истите претставуваат дел од националното позитивно законодавство.


Институт за стандардизација на Република Северна Македонија
Instituti për standardizim i Republikës së Maqedonisë së Veriut
ул. „Јуриј Гагарин" бр. 15, 1000 Скопје Република Северна Македонија
"Jurij Gagarin" nr. 15, 1000 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3247 150
+389 2 3247 157
+389 2 3247 159
www.isrsm.gov.mk
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS
Сертифициран по ISO 9001:2015

Справувањето на Институтот со корупцијата ќе започне со испраќање на јасна порака до сите дека корупцијата нема да остане несанкционирана и ќе се води според следните 5 законски принципи: принцип на законитост, принцип на интегритет, принцип на еднаквост, принцип на јавност и принцип на заштита и одговорност.

1. Принципот на законитост – почитување на правните норми пропишани во Уставот и законите во државата. Секој е должен во вршењето на функцијата, службената должност и положба да постапува во согласност со Уставот и со законите во државата. Никој не смее да ја користи функцијата, службената должност и положба за извршување на некое дејствие да го искористи за свој личен интерес или за интересот на друго лице.
2. Принципот на интегритет – подготвеност на поединецот да препознае и одлучно да се спротивстави во некоја незаконска, неморална или нечесна ситуација. Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се вработени. Секој е должен во вршењето на функцијата да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно. Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на службените обврски и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоции ветувања од претпоставениот или со друго лице.
3. Принципот на еднаквост – еднаков пристап, еднакво постапување, слободно настапување и еднаквост при пријавување корупција. Секој има право на еднаков пристап кон вршењето на работи од јавен интерес и право на еднакво постапување од страна на носителите на власта и лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности. Секој има право да спречи или пријави корупција или извршување, односно неизвршување на дејствие што претставува искористување на функцијата, јавните овластувања, службената должност или положба за да се нанесе штета на друг, без да трпи какви било последици.
4. Принцип на јавност – Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола од граѓаните. Тоа значи дека јавноста, односно граѓаните – индивидуално или организирани во група се заинетересирани и имаат право да знаат за начинот и условите во кои се практикува власта. Државните органи за својата работа мора да ги информираат граѓаните, а граѓаните пак, имаат право да преземат акција (пријавување) против оние државни службеници чие однесување е неправилно и незаконско.
5. Принцип на заштита и одговорност – Овој принцип подразбира дека секој, доколку има информации, има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон. Секој кој е оштетен со коруптивно дело има право да бара надоместок на штета.

Во контекст на горенаведеното во фокусот на антикорупциските активности на Институтот за стандардизација на РСМ ќе бидат:

- Јакнење на интегритетот на вработените;
- Јакнење на професионализмот на вработените;
- Активна професионализација, департизација и деполитизација;


Институт за стандардизација на Република Северна Македонија
Instituti për standardizim i Republikës së Maqedonisë së Veriut
ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, 1000 Скопје Република Северна Македонија
"Jurij Gagarin" nr. 15, 1000 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3247 150
+389 2 3247 157
+389 2 3247 159
www.isrsm.gov.mk
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS
Сертифициран по ISO 9001:2015

- Почитување на Кодекс за административни службеници од страна на вработените;
- Воведување на контроли за буџетско трошење на средствата согласно законските прописи;
- Почитување на интерниот Етички кодекс и постапување по одлуките на Етичкиот одбор од страна на сите вработени и раководството на Институтот;
- Јакнење на принципите на отчетност, јавност и транспарентност во работењето на Институтот;
- Воведување контроли за буџетско трошење на средствата согласно законските прописи;
- Проверување на внатрешните процедури и процеси за работа во Институтот, со цел навремено идентификување на одреден ризик од појава на корупција и воведување на нови интерни процедури;
- Зајакнување на контролата и надзор на јавните набавки, редовно објавување на плановите за јавни набавки и целосната документација од тендерските постапки и целосно спроведување корупстивно-сензитивен надзор врз спроведувањето на договорите за јавни набавки;
- Јакнење на меѓуинституционалната соработка за спречување на корупција;
- Континуирана обука и усовршување на вработените;
- Преземање превентивни активности кон нововработените административни службеници;
- Спроведување процена за ризик од појава на корупција на работните места;
- Зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето во Институтот;
- Редовно информирање на јавноста за сите информации со јавен карактер, навремено договарање на пристигнатите барања и нивно објавување на веб страната на Институтот;
- Зајакнување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата;
- Задолжително објавување на сите документи, програми за работа, закони и стратегии и
- Јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да пријават корупција.

Директор:
м-р Џеват Kиџара


Институт за стандардизација на Република Северна Македонија
Instituti për standardizim i Republikës së Maqedonisë së Veriut
ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
"Jurij Gagarin" nr. 15, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3247 150
+389 2 3247 157
+389 2 3247 159
www.isrsm.gov.mk
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS
Сертифициран по ISO 9001:2015